РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 05-698/1
05.03 20 20 год.
КОЧАНИ

СТЕРНА
Друштво за производство, трговија и услуги
ДОО увоз-извоз
Бр. 0307-52
20.02 20 20 год.
Скопје

# ДОГОВОР

*Склучен помеѓу:*

1. ***Општина Кочани***, со седиште на ул. "Раде Кратовче" бр.1 - Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани во својство на одговорно лице, Г-дин Николчо Илијев (во понатамошниот текст: **Договорен орган**) и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги *СТЕРНА ДОО увоз извоз СКОПЈЕ***, со седиште на ул.„Шекспирова" бр.7-2 во Скопје, ЕМБС:5108616, ДБ:4030990228699, жиро сметка 200000024106432 депонент на Стопанска банка, застапувано од управителот Зоран Вељановски, (во понатамошниот текст: **Носител на набавката)**

*Предмет на договорот*

**Член 1**

Предмет на овој договор е:

**Сервисирање (поправка) на мултифункционален фотокопир Ricoh Aficio 1060 со обезбедување на нови делови**

Овој договор се доделува врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда од 06.02.2020 год. донесена во постапката која ја спроведе договорниот орган Општина Кочани согласно законот за јавните набавки, по објавен оглас бр.00684/2020 од 24.01.2020 година на Електронскиот систем за јавни набавки.

Постапката се спроведе врз основа на Барање за спроведување на постапка за јавна набавка бр.05-2008/1 од 03.10.2019 г. со донесување на Одлука за јавна набавка од 20.01.2020 г.

Предметот на договорот за јавна набавка ќе се реализира сукцесивно во периодот на времетраење на овој договор, во зависност од потребите на договорниот орган, а согласно техничките спецификации на тендерската документација прифатени од носителот на набавката со поднесување на неговата понуда.

*Вредност на договорот*

**Член 2**

Планираните парични средства за реализација на предметот на договорот за јавна набавка изнесуваат **84.745,76 ден. без ДДВ** односно **100.000,00 денари со пресметан ДДВ 18%,** согласно членот 3 од Одлуката за јавна набавка.

Средствата за реализација на предметот на договор за јавна набавка ќе се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кочани за 2020 год.,Програма Е0,ставка 424.

Единечните цени, се преземени и утврдени од првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН ( во смисла на т. 16.4 од тендерската документација "Доколку е поднесена само една понуда или по првичната евалуација во постапката за јавна набавка остане само една прифатлива понуда, електронската аукција нема да се спроведе ") и истата е прилог на овој договор.

Не се предвидува корекција на цените, цените искажани во понудата прилог на овој Договор ќе бидат фиксни за цело времетраење на договорот за јавна набавка, освен нивно евентуално намалување со заедничка согласност на договорните страни.

Договорниот орган не е обврзан да ја исцрпи вкупната вредност од ст.1 од овој член.

*Начин и рок на плаќање*

**Член 3**

Плаќањето ќе се врши со доставување на фактура и прилог испратница за извршената услуга, согласно техничката спецификација. Плаќањето ќе се врши во рок до 30 дена сметано од денот на приемот на фактурата со испратницата. За извршената услуга носителот на набавката ќе испорача фактура согласно понудените единични цени без ддв  во понудата избрана за најповолна во зависност од видот на дефектот и набавката на нов дел за фотокопирот и согласно понудената единична цена од час за работна рака (услуга) за сервисирање (поправка) на фотокопирот. Доколку носителот на набавката изврши поправка на фотокопирот без потреба од обезбедување, односно набавување на нов дел за фотокопирот, услугата за поправка ќе ја фактурира согласно понудената единична цена од работен час во зависност од потрошеното ефективно (стварно) време за поправка на дефектот.

*Начин на извршување на услугите предмет на набавка*

**Член 4**

Сервисирањето (поправката) на фотокопирот ќе се врши сукцесивно, по барање на договорниот орган во случај на настанат дефект на фотокопирот. Вообичаено комуникацијата помеѓу двете договорни страни (договорниот орган и носителот на набавката) ќе се одвива преку мејл. Договорниот орган нарачката за поправка/сервисирање на фотокопирот ќе ја врши преку мејл со доставување на известува/барање/нарачка на  мејлот на носителот на набавката кој е даден во неговата понуда.

Носителот на набавката е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од најмногу 2 (два) дена од денот на известувањето по мејл.

Место на извршување на услугата: административна зграда Општина Кочани, ул.Раде Кратовче бр.1, Кочани, пошт.код 2300.

Доколку при констатирање на дефектот се утврди дека истиот е поголем и поради тоа е потребно фотокопирот да биде однесен во сервисот на носителот на набавката, трошоците за превоз (патни трошоци, гориво, патарини, дневници и сл.) ги сноси носителот на набавката.

Дефектниот / заменетиот дел останува во сопственост на Општина Кочани.

Новиот дел по вградувањето и плаќање на истиот станува сопственост на Општина Кочани.

Договорниот орган нема обврска да ги набавки сите делови наведени во техничката спецификација, истите ќе се набавуваат во случај на потреба односно при дефект и потреба од замена на стар и нефункционален дел со нов дел за функционирање на фотокопирот.

*Права и обврски на договорните страни*

**Член 5**

Договорниот орган е должен благовремено да ги отстрани сите постоечки проблеми и да обезбеди услови за несметано извршување на услугите предмет на конкретната набавка.

**Член 6**

Носителот на набавката е должен услугите од чл.1 на овој Договор да ги извршува согласно техничката спецификација, на начин, време и рокови кои ќе бидат утврдени во секое конкретно сукцесивно писмено поднесено барање од страна на Договорниот орган, а согласно прописите и правилата на струката за вршење на ваков вид на услуга.

Ако Носителот на набавката не ги извршува услугите според договорениот начин или неквалитетно ги извршува услугите, Договорниот орган има право да го раскине договорот и да бара право на надомест на штета.

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

*Договорна казна*

**Член 7**

Носителот на набавка ќе му плати на договорниот орган определен паричен износ -договорна казна, ако:

*- не ја исполни својата обврска, или*

*- задоцни со нејзиното исполнување.*

Договорната казна се определува во износ од:

- 0,5 % од вкупната вредност на овој договор (со ДДВ) доколку носителот на набавката доцни или неурено ги извршува услугите предмет на овој договор, за секој ден задоцнување, ако услугите не се извршат во утврдениот рок, но не повеќе од 10% од вкупната вредноста на договорот со ДДВ и
- 15 % од вкупната вредност на овој договор во случај на целосно неизвршување на услугите предмет на договорот.

Договорната казна ќе се определи врз основа на ст.2 ал.1 или ал.2 од овој член, а ќе се пресметува од моментот на настанувањето на условите од ставот 1 на овој член, за што договорниот орган веднаш писмено ќе го извести носителот на набавката.

Во случај на доцнење односно неисполнување на услугите предмет на овој договор , носителот на набавката се обврзува покрај договорната казна да ја надомести и штетата на
договорниот орган настаната поради доцнење односно неуредно извршени работи и услуги или неисполнување на своите обврски.

*Времетраење на договорот*

**Член 8**

Овој договор е со времетраење од 12 месеци или до потрошување на средствата на договорот во рамките на неговото времетраење.

*Применлив закон*

**Член 9**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

*Решавање на спорови*

**Член 10**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе се решава пред стварно и месно надлежен суд.

*Виша сила*

**Член 11**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила.

Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 48 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ. По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

*Завршни и општи одредби*

**Член 12**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма ,ако се потпишани од двете договорни страни и ако се во согласност со Законот за јавните набавки и другите важечки прописи во РСМ.

**Член 13**

Овој Договор е составен во 6 еднообразни примероци, од кои 2 за носителот на набавката, а 4 за договорниот орган.

**Член 14**

Договорот стапува во сила со денот на потпишување од двете договорни страни.

| | |
|---|---|
| ***Носител на набавката*** | ***Договорен орган*** |
| ***СТЕРНА ДОО СКОПЈЕ*** | ***Општина Кочани*** |
| ***Управител*** | ***Градоначалник*** |
| ***Зоран Вељановки*** | ***Николчо Илијев*** |

Составен дел на овој Договор е :
- Првична/конечна понуда поднесена преку ЕСЈН од 03.02.2020 год.

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Согласен : Раководител на Одделение за правни и општи работи – Венцо Бојков*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*

**Листа на цени**

**Сервисирање (поправка) на мултифункционален фотокопир Ricoh Aficio 1060 со обезбедување на нови делови**

**Model name: Ricoh Aficio 1060**

| **Р.б.** | **Опис** | | **Количина** | **Единечна цена без ДДВ (18% )** | **Единечна цена со ДДВ (18%)** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | A806 1295 | Feed belt **ADF lenta** | 1 | **1000** | **1180** |
| **2.** | AF03 1082 | Paper Feed Roller: **fid gumicka 21** | 1 | **1000** | **1180** |
| **3.** | AF03 2080 | Paper Feed Roller:**separator gumicka 23** | 1 | **800** | **944** |
| **4.** | B110 3091 | Entrance Seal Ass'y**skreper tank developer** | 1 | **1200** | **1416** |
| **5.** | B140 3099 | Shield - Drum Front **lepenkapredna developer** | 1 | **400** | **472** |
| **6.** | B140 3100 | Shield - Drum Rear **lepenkazadna developer** | 1 | **400** | **472** |
| **7.** | B065 3069 | Bushing - 8mm **piksna tank developer** | 1 | **900** | **1062** |
| **8.** | B065 3062 | Development Roller **magnet developer** | 1 | **5200** | **6136** |
| **9.** | A096 2057 | Charge Corona Grid **Korona grid** | 1 | **800** | **944** |
| **10.** | B070 2364 | Charge Corona Wire**Koronazica** | 1 | **400** | **472** |
| **11.** | B246 9510 | OPC Drum **Опцбубањ** | 1 | **20000** | **23600** |
| **12.** | AB01 1462 | Toner Recycling Gear **zapcanik** | 1 | **500** | **590** |
| **13.** | AB01 1461 | Toner Recycling Connecting Gear **zapcanik** | 1 | **600** | **708** |
| **14.** | B247 3339 | Filter:**sungeropcsunger** | 1 | **900** | **1062** |
| **15.** | B247 2330 | Brush Roller:Cleaning**cetkaopc** | 1 | **2500** | **2950** |
| **16.** | AB01 1459 | Toner Collection Coil **Gear zapcanik** | 1 | **500** | **590** |
| **17.** | AB01 1460 | Idler Gear **prenosen zapcanikopc** | 1 | **500** | **590** |
| **18.** | B065 2428 | Agitator Gear **zapcanikopc** | 1 | **500** | **590** |
| **19.** | B065 2425 | Brush Roller Gear **zapcanikopc** | 1 | **500** | **590** |
| **20.** | AD04 1140 | Cleaning Blade **OPC brisac** | 1 | **1500** | **1770** |
| **21.** | AD02 5024 | Pick-off Pawl **pikofingeropc** | 1 | **600** | **708** |
| **22.** | B065 3872 | Transfer Unit Joint **zapcaniktransporten golem** | 1 | **500** | **590** |
| **23.** | AB01 4176 | Cam Gear - 37z **zapcaniktransportna mal** | 1 | **500** | **590** |
| **24.** | AD04 1126 | Transfer Belt Cleaning Blade **brisactransportna** | 1 | **2500** | **2950** |
| **25.** | A293 3870 | Transfer Belt **transportnatraka** | 1 | **7000** | **8260** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **26.** | B140 4181 | Cleaning Felt Roller Ass'y**vebtraka** | 1 | **4500** | **5310** |
| **27.** | B247 4244 | Gear:Z23:Oil Supply Roller **zapcanikdolgvebtraka** | 1 | **500** | **590** |
| **28.** | B247 4234 | Gear:Stopper:Oil Supply Roller **duplizapcanikvebtraka** | 1 | **500** | **590** |
| **29.** | B247 4235 | Gear:Idler:Cleaning Unit **prenosenvebtraka mal** | 1 | **500** | **590** |
| **30.** | B140 4195 | Feeler:Oil End Sensor **senzorvebtraka** | 1 | **600** | **708** |
| **31.** | AE04 4060 | Stripper Pawls **pikofingeriteflon** | 1 | **500** | **590** |
| **32.** | AW11 0066 | Thermostat: 211°C [TSB#105] **sredentermoosigurac** | 1 | **1000** | **1180** |
| **33.** | AW11 0064 | Thermostat - 192°C [TSB#105] **krajnitermoosigura**ci | 1 | **1000** | **1180** |
| **34.** | AW10 0109 | Thermistor - Inner Back **termistorkraen** | 1 | **1000** | **1180** |
| **35.** | AW10 0108 | Thermistor – Middle **sredentermistor** | 1 | **900** | **1062** |
| **36.** | AE03 0054 | Ball Bearing - 40x52x7 **lager teflon** | 1 | **1000** | **1180** |
| **37.** | AE03 2026 | Thermal Insulating Bushing **piksnaplasticnateflon** | 1 | **800** | **944** |
| **38.** | B247 4194 | Gear: Hot Roller **zapcanikteflon** | 1 | **1200** | **1416** |
| **39.** | AE01 1117 | Hot Roller: Mm40**teflon** | 1 | **5800** | **6844** |
| **40.** | AE02 0182 | Pressure Roller: DIA40 **silikon** | 1 | **3000** | **3540** |
| **41.** | AE03 0053 | Ball Bearing - 8x19x6 **lagerisilikon** | 1 | **1000** | **1180** |
| **42.** | B247 3570 | Transport Screw: Discharge Used Toner: Ass'y**spiralavisok toner** | 1 | **1500** | **1770** |
| **43.** | B247 2326 | Toner Collection Coil **spiralaopc (golemata)** | 1 | **1500** | **1770** |
| **44.** | Оригинален тонер за фотокопир Infotec IS 2060 1/1 воцрнабоја | | 1 | **5000** | **5900** |
| **45.** | Работна рака (услуга) за сервисирање (поправка) на мултифункционален фотокопир сметано од 1 час | | 1 | **3000** | **3540** |

***Носител на набавката***
***СТЕРНА ДОО СКОПЈЕ***
***Управител***

***Зоран Вељановки***

***Договорен орган***
***Општина Кочани***
***Градоначалник***

***Николчо Илијев***

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Далиборка Стојанова*
*Согласен : Раководител на Одделение за правни и општи работи – Венцо Бојков*
*Контролирал: Помошник Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи –Анна Кралева*